РЕПУБЛИКА МАКЕДОНСИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Ул.7-ми септември бр.4 кон.тел/045 274 810 e-mail mak_brod @yahoo.com

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** | **30.06.2011година**
**Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** | **Број 6 – 2011 год**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот**

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Правилникот за систематизација на работни места во ОЈУ за деца – детска градинка 7 ми септември Македонски Брод**

**Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Правилникот за систематизација на работни места во ОЈУ за деца – детска градинка 7 ми септември Македонски Брод ,што Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.06.2011година .**

**Бр.08- 631/ 9**
**30.06.2011год**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на поднесеното барање од основно општинско училиште ООУ„Св.Климент Охридски„ Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30. 06. 2011 година донесе

# З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Анекс на Годишната програма за работа за 2010/2011година на ООУ„Св.Климент Охридски„, Македонски Брод**

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.06.2011година во целост го разгледа барањето и донесе ЗАКЛУЧОК з**а усвојување на Анекс на Годишната програма за работа за 2010/2011година на ООУ„Св.Климент Охридски„, Македонски Брод со цел интегрирање на Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта донесен од страна на Министерството за образование и наука на РМ.**

**Бр.07- 631/3**
**30.06.2011год**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Анета Симеска Димоска с.р.**

Врз основа на поднесениот Извештај за работата на ЈОУДГ„7ми септември„ Македонски Брод , Советот на општина Македонски Брод на седницта одржана на ден 30. 06. 2011 година донесе

# З А К Л У Ч О К

**За усвојуване на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ„7-ми Септември“ Македонски Брод за 2010/2011 година**

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.06.2011година донесе ЗАКЛУЧОК з**а усвојуване на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ„7-ми Септември“ Македонски Брод за 2010/2011 година во кој е опишан начинот , динамиката , видот и обемот за извршување на работите.**

**Бр.07- 631/4**
**30.06.2011год**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Анета Симеска Димоска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на одлуката за давање на согласност на Правилникот за систематизација на работни места во ОЈУ за деца-Детска градинка 7 ми септември – Македонски Брод**

Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Правилникот за систематизација на работни места во ОЈУ за деца-Детска градинка 7 ми септември – Македонски Брод , што Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.06.2011 година.

Бр.08 – 631/9
30.06.2011 годин

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), а во смисла на чл.98 став 1 алинеа 8 од Законот за заштита на децата (Сл.Весник на РМ 170/10- пречистен текст ) ,член 21 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/03) , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 Јуни 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОЈУ ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА 7ми СЕПТЕМВРИ МАКЕДОНСКИ БРОД**

**Член 1**

Се дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската јавна установа за деца-Детска градинка 7ми Септември Македонски Брод.

**Член 2**

Општинската јавна установа за деца-детска градинка 7ми Септември Македонски Брод,во Правилникот за систематизација на работните места да ги внесе измените и дополните донесени од страна на Советот на општина Македонски Брод и тоа:

- Бр.9 Работно место - сметководител да се брише 10 години работно искуство во градинката , ССС и ВШС

-да се предвиди ново работно место референт по сметководство со ССС

- Бр.5 работно место – воспитувач да се предвидат 8 извршители ,

-Бр.6 и 7 работно место -негователи да се предвидат 10 извршители

- Бр.18 работно место -хигиеничар да се предвидат 4 извршители

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во службен гласник на оптина Македонски Брод.

Број 07- 631/5 — Совет на општина Македонски Брод

30.06.2011 година — Претседател,

Македонски Брод — Анета Симеска-Димоска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИТЕ НА КОМУНАЛНИТЕ УСЛУГИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА ОД МАКЕДОНСКИ БРОД**

Се прогласува **ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИТЕ НА КОМУНАЛНИТЕ УСЛУГИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА ОД МАКЕДОНСКИ БРОД** , што Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.06.2011година.

Бр.08 – 631/9
30.06.2011 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 Јуни 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИТЕ НА КОМУНАЛНИТЕ УСЛУГИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА ОД МАКЕДОНСКИ БРОД**

**Член 1**

Советот на општина Македонски Брод дава согласност на Одлуката за корекција на цените на комунални услуги при ЈП,,Водовод и канализација,, - Македонски Брод донесена од страна на Управниот Одбор. Советот на општина Македонски Брод ја измени одлуката на УО и цената на сите услуги се зголемува за 20% .

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Ценовникот на комуналните услуги на ЈП Водовод и канализација од Македонски Брод.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 07- 631/6 | Совет на општина Македонски Брод

30.06.2011 година | Претседател,

Македонски Брод | Анета Симеска-Димоска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за овластување на Градоначалникот да донесе решение за разрешување на управителот на ДООЕЛ„Градежник,, од М.Брод**

Се прогласува Одлуката за овластување на Градоначалникот да донесе решение за разрешување на управителот на ДООЕЛ„Градежник,, од М.Брод , што Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.06.2011година.

Бр.08 – 631/9
30.06.2011 годин

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 Јуни 2011 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ДА ДОНЕСЕ РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА УПРАВИТЕЛ НА ДООЕЛ ГРАДЕЖНИК ОД МАК.БРОД

### Член 1

Советот на општина Македонски Брод ,го овластува градоначалникот на општина Македонски Брод да донесе Решение за разрешување на Димоска Снежана-управител на ДООЕЛ „ГРАДЕЖНИК“ од Македонски Брод.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 07- 631/ 7

30.06.2011 година

Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод

Претседател,

Анета Симеска-Димоска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 36 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) а согласно одлуката на Советот на општина Македонски Брод Бр.07-631/7 од 30.06.2011 година,Градоначалникот на општина Македонски Брод,донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА УПРАВИТЕЛОТ НА ДООЕЛ ГРАДЕЖНИК МАКЕДОНСКИ БРОД**

**1.**Се разрешува ДИМОСКА СНЕЖАНА од Управител на ДООЕЛ „ГРАДЕЖНИК“ од Македонски Брод.

**2.** Разрешувањето на управителот на ДООЕЛ Градежник од Македонски Брод е по барање на управителот како и врз основа на Решението за разрешување на управителот на ДООЕЛ Градежник Мак.Брод Бр.03-11/4 од 05.03.2003 год. донесено од страна на Основачот ЈП Комуналец од Мак.Брод.

**3.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.03-613/2

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.06.2011година по доставеното барање од М.З Крапа донесе

# З А К Л У Ч О К

Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.06.2011година го разгледа барањето од М.З с.Крапа за тампонирање на селски пат и по предлог од комисијата за урбанизам , комунални дејности и заштита на животната средина предлага Градоначалникот согласно средствата и Програмата за одржување и заштита на улици и патишта во општина Македонски Брод да постапи по барањето и во рамките на расположивите средства да се превземат соодветни мерки.

**Бр.07-631/**
**30.06.2011година**

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Анета Симеска Димоска с.р.

**Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.06.2011година  по барањето од  М.З с.Звечан го донесе следниот/**

# З А К Л У Ч О К

**Советот на општина Македонски Брод го разгледа барањето доставено од М.З Звечан за реконструкција на селска чешма и по предлог од комисијата за урбанизам , комунални дејности и заштита на животната средина  донесе ЗАКЛУЧОК согласно средствата што се на располагање Градоначалникот да одлучи и постапи по барањето.**

**Бр.07- _631/**
**30.06.2011год**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Анета Симеска Димоска с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/02) и шлен 21 од Статутот на општина македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр.2/2003),разгледувајќи го приговорот на Павлески Трајче,на седницата одржана на ден 30 јуни 2011 година,донесе

**О Д Л У К А**

1. Поднесениот приговор-жалба од страна на Павлески Трајче,против решението за распоредување на работно место командир на одделение на територијалната противпожарна единица Македонски Брод,бр04-563/3 од 27.05.2011 година донесено од страна на Градоначалникот на општината Македонски Брод, се одбива како НЕОСНОВАН.

2. Решението за распоредување на работно место командир на Одделение на територијалната противпожарна единица Македонски Брод Бр.04-563/2011 год.донесено од Градоначалникот на општина Македонски Брод,се потврдува.

Бр.07- 631/8

30.06.2011 година

Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод

Претседател,

Анета Симеска-Димоска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоупрва (Сл.Весник на РМ 5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод , Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за измена на составот на Комисијата за мандатни прашања , избори и именувања на Советот на општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за измена на составот на Комисијата за мандатни прашања , избори и именувања на Советот на општина Македонски Брод** , што Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.06.2011година.

Бр.08- 648/
30.06. 2011год

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 25 и 26 од Статутот на општина Македонски Брод(Службен Гласник на општина Мак.Брод бр.2/03) И член 38 од Деловникот за работа на Советот,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.06.2011 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За измена на составот на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на општина Македонски Брод**

1. Советот на општина Македонски Брод на одржаната седница го измени составот на постојаната Комисија за мандатни прашања,избори и именувања и тоа како следува:

1.Драган Јандрески - Претседател ВМРО ДПМНЕ

2.Секулоски Стојан-група избирачи

3.Виолета Столеска- група избирачи

4.Златко Маркоски- СДСМ

5.Цветан Ѓурчиноски- НСДП

2. Комисија за мандатни прашања,избори И именувања е постојана комисија при Советот на општина Македонски Брод и има мандат исто колку и Советот на општината.

3.Оваа одлука влегува во сила веднаш со денот на нејзиното донесување а ќе се објави во Службен Гласник на општина Македонски Брод.

Бр.07-648/2
30.06.2011година

Совет на општина Мак.Брод
Претседавач
Најстар советник
Стојан Секулоски с.р.

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоупрва (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Решението за разрешување на Претседател на Совет на општина Македонски Брод**

Се прогласува **Решението за разрешување на Претседател на Совет на општина Македонски Брод**, што Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.06.2011 годиан.

Бр.08- 648/3-2
30.06.2011година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член  21 став 1 точка 37 од Статутот на општина Македонски Брод и член  42 од Деловникот за работа на Советот на општина Македонски Брод,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.06.2011 година го донесе следното

## **Р Е Ш Е Н И Е**
## **За разрешување на Претседател на Советот на општина Македонски Брод**

1.На предлог на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ Советот на општина Македонски Брод го разреши односно му изгласа недовреба на Претседателот на Совет на општина Македонски Брод Анета Симеска Димоска.

2.Ова решение влегува во сила веднаш со денот на неговото донесување а ќе се објави во Службен Гласник на општина Македонски Брод.

Бр.07-648/3
30.06.2011година

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседавач**
**Најстар советник**
**Стојан Секулоски с.р.**

Врз основа ма член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоупрва (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Решението за избор на Претседател на Совет на општина Македонски Брод**

Се прогласува **Решението за избор на Претседател на Совет на општина Македонски Брод**, што Советот на општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.06.2011 годиан.

Бр.08- 648/3-2
30.06.2011година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 47 од Законот за локална самоуправа(Сл.Весник на РМ бр.5/02)член 21 став 1 точка 37 од Статутот на општина Македонски Брод и член 16 од Деловникот за работа на Советот на општина Македонски Брод,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.06.2011 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е
## За избор на Претседател на Советот на општина Македонски Брод

1.На предлог на матичната Комисија за мандатни прашања,избори и именувања Советот на општина Македонски Брод го избра советникот Драге Јосифоски за Претседател на Советот на општина Македонски Брод.

2.Ова решение влегува во сила веднаш со денот на неговото донесување а ќе се објави во Службен Гласник на општина Македонски Брод.

Бр.07-648/3-1
30.06.2011година

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседавач**
**Најстар советник**
**Стојан Секулоски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А


Заклучок за усвојување на Анекс на Годишната програма за работа за 2010/2011 година на ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод ................................................ стр. 2

Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ „7-ми Септември“ Македонски Брод за 2010/2011 година ...................................................................... стр. 3

Заклучок за прогласување на одлуката за давање на согласност на Правилникот за систематизација на работни места во ОЈУ за деца Детска градинка „7-ми Септември“ – Македонски Брод ......................................................................................... стр. 4

Одлука за давање на согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУ за деца Детска градинка „7-ми Септември“ – Македонски Брод ................ стр. 5

Заклучок за прогласување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за корекција на цените на комуналните услуги на Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ од Македонски Брод ......................................................................... стр. 6

Одлука за давање на согласност на Одлуката за корекција на цените на комуналните услуги на Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ од Македонски Брод ...стр. 7

Заклучок за прогласување на Одлуката за овластување на Градоначалникот да донесе решение за разрешување на управителот на ДООЕЛ „Градежник“ од М.Брод ........стр. 8

Одлука за овластување на Градоначалникот да донесе решение за разрешување на управител на ДООЕЛ „Градежник“ од Мак.Брод ..................................................... стр. 9

Решение за разрешување на управителот на ДООЕЛ „Градежник“ Македонски Брод ............................................................................................................................ стр. 10

Заклучок ....................................................................................................................... стр. 11

Заклучок ....................................................................................................................... стр. 12

Одлука .......................................................................................................................... стр. 13

Заклучок за прогласување на Одлуката за измена на составот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на општина Македонски Брод .............................................................................................................................стр. 14

Одлука за измена на составот на Комисијата за мандатна прашања, избори и именувања на Советот на општина Македонски Брод ............................................ стр. 15

Заклучок за прогласување на Решението за разрешување на Претседател на Совет на општина Македонски Брод ........................................................................................ стр. 16

Решение за разрешување на Претседател на Советот на општина Македонски Брод ............................................................................................................................ стр. 17

Заклучок за прогласување на Решението за избор на Претседател на Совет на општина Македонски Брод ........................................................................................................ стр. 18

Решение за избор на Претседател на Советот на општина Македонски Брод ....... стр. 19